


**Дали би сакале да добиете интернационално работно искуство во Германија?**

Едно вакво искуство нема само да Ве лансира помеѓу најдобрите во Вашата кариера, туку самото живеење и работење во странство ќе ви овозможи развој на Вашите професионални аспирации, комуникациски способности и ќе се изградите себеси како независна индивидуа.

Во изминатите 15 години, ние поддржавме повеќе од 700 студенти и млади академски граѓани на ова возбудливо патешествие. Сите од нив поминуваа 3-6 месеци во германски компании кои се водечки во својот домен, каде што конечно ја добија можноста да ги прошират своите хоризонти и своето теоретско знаење, добиено за време на студиите, да го применат во пракса.

Иако нашите стипендисти доаѓаат од различни научни области, тие имаат нешто заедничко, уникатна и искрена приказна за праксата која претставува фундамент за нивните понатамошни кариери и создава мрежа на пријателства кои траат засекогаш.

Ако сметаш дека имаш се што е потребно за ова авантура, аплицирај за стипендија на **„Програмата за пракса на германското стопанство за државите од Западен Балкан".**

**Кој може да аплицира?**

- Недипломирани студенти кои се запишани најмалку во својот 5 семестар за време на аплицирањето
- Студенти на мастер студии
- Студенти на докторски студии
- Млади академски граѓани кои дипломирале после 1ви Јануари 2018 година
- Да не се постари од 29 години
- Понудените пракси се од областа на економија, бизнис, администрација, инженерство, компјутетрски науки, право, новинатрство или земјоделски науки
- Кандидати кои добро го владеат англискиот јазик, познавањето на германски јазик е пожелно, но не и задолжително

*Не се потребни никакви дополнителни јазични серификати. Интервјуата ќе бидат на англиски јазик и/или германски јазик во зависност од Вашето познавање. Исклучок се праксите во доменот на архитектура и право, каде што предуслов за праксата е Б2 ниво на германски јазик.

**Придобивки**

Како додаток на финансиската поддршка, нашата програма за практиканти **Ве води низ целите организациски и административни чекори пред и за време на Вашиот престој во Германија.**

- Подготвителни состаноци во Вашата земја
- Организирање на виза и работна дозвола од страна на програмата
- Поддршка во наоѓање смештај во Германија
- Авионски билети до Германија и назад
- Подготвителна недела во Берлин (организација, сместување и патни аражмани)
- Билети за воз од Берлин до местото на Вашата пракса
- Месечна стипендија од 550 евра
- Покриени трошоци за сместување и здравствено осигурување
- Германски курс во висина од 200 евра за време на програмата
- Дополнителна средба со сите учесници во програмата после 3/6 месеци (организација, сместување и патни аражмани)

Ако сте заинтересирани за едно незаборавно патување, кое што не завршува со последниот работен ден, аплицирајте за „Програмата за пракса на германското стопанство за државите од Западен Балкан". После Вашето завршување ќе станете дел од нашиот активен клуб на алумнисти.

Како некој кој веќе поминал низ целиот овој процес и станал дел од нашиот алумни клуб, ќе имате можност да посетувате различни конференции, работилници и семинари низ целиот регион на Западен Балкан. Може да учествувате во различен вид на тим-билдинг активности. Да се биде дел од алумни клубот, значи да се има можност Вашето резиме да се најде во ексклузивна база на податоци, која е достапна на германски компании, но и компании кои се наоѓаат во Вашата држава.

**Како да аплицирате?**

Може да аплицирате онлајн на нашата страна:
www.stipendienprogramm.org

почнувајќи од **1[ви] Октомври 2018** се до **13[ти] Ноември 2018**.

На следниот линк можете да прочитате повеќе за придобивките од Програмата и за процедурата на аплицирање. Дополнително, на нашиот блог можете да ги прочитате и сведоштвата на нашите Стипендисти и да се запознаете со праксите од нивна гледна точка.

**Следната генерација на стипендисти ќе ги започне своите пракси на 1[ви] Јули 2019 година.**

Дали Вие ќе бидете меѓу нив?